Врз основа на член 12 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на осигурувањето, согласно Заклучокот за изменување и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на осигурувањето, на седницата одржана на 15.11.2017 година, Здружението на осигурувањето на седницата одржана на 19.12.2017 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
за изменување и дополнување
на Правилата за организацијата и начинот на работа
на Здружението на осигурувањето

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на осигурувањето, бр. 52-751/2 од 22.02.2005 година (во натамошниот текст: Правила).

**Член 2**

Во Правилата наведени во член 1 на оваа Одлука, член 7 се менува и гласи:

„Член 7
Здружението на пленарна седница избира Управен одбор како орган на управување.

Управниот одбор го сочинуваат по еден претставник од сите членки на Здружението. Претставниците во Управниот одбор работат според насоките на членовите на Здружението што ги определиле.

Доколку на претставникот во Управниот одбор му престане работниот однос кај компанијата - членка на Здружението кај која бил вработен за време на изборот, компанијата определува друго лице.

Избраниот член во Управниот одбор на Здружението доколку не е во можност да присуствува на седниците поради итни и неодложни работи, по исклучок може да овласти друго лице да го заменува. Овластувањето се врши со писмено полномошно дадено од страна на избраниот член во Управниот одбор.

Претседателот и заменик-претседателот на Управниот одбор се избираат од редот на членовите на Управниот одбор на Здружението.

Претседателот и заменик-претседателот на Управниот одбор се и претседател и заменик-претседател на Здружението.

Мандатот на претседателот и заменик-претседателот е две години.

Претседателот и заменик-претседателот се избираат според ротационен принцип од редот на членовите на Управниот одбор на Здружението по завршувањето на нивниот двогодишен мандат.

По завршувањето на мандатот од две години за претседател автоматски се избира заменик-претседателот, а за заменик-претседател еден од другите членови на Управниот одбор.“

**Член 3**

Во Правилата наведени во член 1 на оваа Одлука, член 12 се менува и гласи:

„Член 12

Претседателот го претставува Здружението, ја свикува и раководи со пленарната седница на Здружението и со седниците на Управниот одбор и ги извршува одлуките и заклучоците, се грижи за остварување на соработка со други здруженија и врши други работи во врска со организирањето и раководењето со работата на Здружението.

Претседателот во вршењето на работите од став 1 на овој член го заменува заменик – претседателот.

Во извршувањето на работите од својот делокруг претседателот и заменик-претседателот на Здружението работат во согласност со Статутот на Стопанската комора на Македонија и овие Правила.“

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

Бр.25-1888/2
19.12.2017 год.
С к о п ј е

Потпретседател,

Весна Ѓорчева, с.р.